Јасминка Петровиќ

# ОВА Е НАЈСТРАШНИОТ ДЕН ОД МОЈОТ ЖИВОТ

Културна установа **БЛЕСОК**

едиција **Бушавко**

2015

Јасминка Петровић



Copyright © за македонското издание: Културна установа „Блесок“, 2015

Сите права се задржани.
Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Наслов на оригиналот: Ово је најстрашнији дан у мом животу

Автор: Јасминка Петровиќ
Илустратор: Добросав Боб Живковиќ
Copyright © Креативни центар 2006

Оваа книга е објавена со поддршка на ТРАДУКИ, мрежа за книжевност во која членуваат Министерството за европски и меѓународни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Федеративна Република Германија, Фондацијата за култура Про Хелвеција од Швајцарија, КултурКонтакт од Австрија, Гете институт, Словенечката агенција за книга и Фондацијата С. Фишер.

traduki

Knjiga je objavljena uz finansijsku podrsku
Ministarstva kulture i informisanja Republike Srbije/
Оваа книга е објавена со финансиска поддршка од
Министерството за култура и информации на Република Србија

Република Србија
Министарство културе и информисања

Идејата за името на оваа едиција го даде Лина Исаковска, кога имаше 5 години, во август 2011 г. Името **БУШАВКО** многу пред тоа почнала да го користи **ДЕТСКАТА АМБАСАДА МЕЃАШИ**, и тоа име е нивна заштитена марка. Овде ѝ се заблагодаруваме на љубезноста на Детската амбасада Меѓаши, што ни дозволи да го користиме името **БУШАВКО** за нашата едиција.

Јасминка Петровиќ

# ОВА Е НАЈСТРАШНИОТ ДЕН ВО МОЈОТ ЖИВОТ

Превод од српски:

**Калина Буневска Исаковска**

Културна установа **БЛЕСОК**

Едиција **БУШАВКО**

Скопје, 2015




6

## *1. Од љубов до омраза*

Ова е најстрашниот ден во мојот живот! Го плеткам пенкалото низ рацете. Капачето ми паѓа врз нозете. Се обидувам да го фатам, ама не успевам. Удира на подот и се тркала. Сите се ѕверат во мене. Мастилото ми се слева низ прстите. Чекори. Не го кревам погледот. Целиот се измачкав, а немам марамче. Чекорите забавуваат. Го чувствувам нејзиниот мирис. Застанува покрај мене. Чекам. Не мрдам, не трепкам, не дишам. Таа ја спушта левата рака на моето десно рамо. Се наведнува. Шепоти.

– Што се случи Страхиња?

Никогаш не сме биле толку блиску. Врелина ми удира во главата. Мислам дека овој пат нема да издржам. Ќе ја бакнам! Нема назад! Одам до крај!

– Па ти ниту насловот не си го препишал од таблата?!

Можеби е прерано за бакнеж. Доволно е да ја фатам за рака. Не, глупаво е. Прстите ми се со мастило.

– Во што е проблемот Страхиња? Зошто не пишуваш?

– Не знам од каде да почнам.

– Од насловот – *Моето семејство.* Треба да ни

ги опишеш членовите на твоето семејство. Како изгледаат, со што се занимаваат, по што се посебни и зошто ги сакаш. Тебе барем не треба да ти објаснувам како се пишува писмена работа!

Врвот од нејзината марама ми ја допира раката.

– Знаеш како учевме: вовед, обработка, заклучок. Ајде, почни полека!

Чекорите се оддалечуваат. Ми доаѓа да се фрлам по неа преку цела училница. Ќе ѝ признаам сѐ. Ми нема друго чаре. Нека ме исфрлат од школо. Баш ми е гајле!

– Деца, имате уште дваесет и седум минути до крајот на часот.

Само?! Ужас! Од каде да почнам? Од тато? Што да пишувам за него? Дека даде отказ пред една година зашто се разочарал од новинарството, од колегите и од својот кум и уредник Васа Тасиќ? Дека во знак на протест престана да се шиша и да се бричи и дека личи на чудо? Фала богу, не излегува од дома па не ме срамоти. Ама затоа по цел ден пишува роман. И тоа на мојот компјутер. Не можам да си дојдам до родените игри. Мислам дека мама повеќе го сака него отколку мене. Само што ќе го поминам првото ниво, ете ти ја неа:

– Страхиња, станувај! Тато треба да работи, а ти тука си играш!

Ако тој работи, тогаш јас сум Лара Крофт. Ама,

стварно! И најглупавата игра е поинтересна од неговиот роман. Како некој несреќник оди низ мрачна шума и си зборува сам со себе. Најмногу зборува за тоа како сите го напуштиле кога му било најтешко во животот. И така на седумнаесет страници. Понатаму не читав зашто умрев од досада. Иако мама ми кажа дека вистинската филозофска расправа почнува дури на дваесеттата страница, кога тој несреќник на својот пат запознава младич со две глави и баба со три цицки. Не, фала! Ако веќе се мачам со моите страшила, не морам и со татковите.

Добро, ај што е тој во депресија, тоа си е негова работа, ама не мора заради тоа да го мачи семејството. Штом ќе седнеме да јадеме, тој почнува да ни се заканува:

– Штом го завршам романот, отидов во манастир! Не сакам веќе да ви бидам на товар. Ќе имате една уста помалку на маса. А ти, Страхиња, ќе можеш да си ги играш твоите игри колку што сакаш.

Само кога ќе се присетам колку плачев кога го кажа тоа првпат! Око не склопив цела ноќ. Но тетка ми ми објасни дека тато е во криза и дека сето тоа еден ден ќе помине. И уште ми кажа дека ќе ми купи дигитален фотоапарат кога ќе завршам основно. Веројатно до крајот на школската година и ќе го поправам кецот по физика.

Приказната на тато веќе не ме тера на солзи, сега ми го дига притисокот. Секој оброк ми пре-

седнува и ми излегува низ нос. Затоа не е ни чудо што сум толку слаб, како сучка. За разлика од мене, сестра ми Јелена ништо не може да ја изнервира. Дури ни глупите коментари на мама. Да не ти се верува! Понекогаш се прашувам дали е човечко суштество! Иако ми е малку неверојатно дека баш во моето семејство вметнале вонземјанин, тоа сепак би било премногу.

Јелена покажува емоции само кога учи. Тогаш е просто пресреќна. Страшно! Во животот добила една единствена четворка, во седмо основно, и тоа по биологија. Не ја знаела разликата меѓу бор и молика. Од очај сакаше да го испие мастилото. Едвај ја спречивме! Каква смотаница! Од кулинарство знае да направи чај, ама не секогаш успешно. Или ја става крпата врз вклучена рингла, па прави пожар, или ѝ останува славината во рака, па прави поплава. Едно утро имаше намера да ни направи крофни за појадок, но толку силно ја удри главата од креденецот и веднаш се откажа. Можеби и подобро, барем избегнавме стомачни мачнини.

– Деца, уште осумнаесет минути. Привршувајте!

Освен петки, Јелена има и дечко. Се вика Томислав и ужасно ме нервира. Толку си е како дома кај нас, што веќе си има и своја чаша. Само чекам кога ќе си ги донесе и папучите. Страшно! Јелена и Томислав се трета година во математичка гимназија и планираат да студираат ну-

клеарна физика. Какви кретени! Еднаш, онака, ги прашав што е апсолутна нула, а тие за малку што не ме убија со нивното знаење. Значи, нивниот одговор траеше четири и пол саати. На крај ми потече крв од носот. Толку пребледев, што мама сакаше да викне брза помош. И оттогаш, во нивно друштво си ќутам како нем, за секој случај.

Во последно време мама работи само две нешта: оди низ дома и плаче. Порано држеше часови по есперанто, но сите ученици ја напуштија. Паметни луѓе! Немаат попаметна работа отколку да учат вештачки јазик кој не го зборува ниеден народ. Освен што е есперантистка, мајка ми е и лезбејка. Во врска е со нашата прва комшика. Откако е на боледување, тетка Мира секој час доаѓа кај нас и нешто шепоти со мама, најмногу во бањата. За тоа време нејзината ќерка Милица ми се качува на глава. А на кого друг? На тато и Јелена сигурно не. Тие двајца секогаш вешто се вадат.

Ама мене веднаш ми беше нешто сомнително, само не знаев точно за што се работи. Но, откако ги фатив на дело, нема сомневање дека е тоа – тоа. Сѐ уште не сум се повратил од шокот. Тетка Мира ги фаќаше градите на мама, а мама шепотеше: *Тука! Тука!* Страшно! Значи, толку се занесоа, што не ме ни забележаа. Какви несреќници! А јас бев толку запрепастен, што престанав да дишам. Целосно. Добро, не умрев без воздух.

За среќа заѕвони телефонот па сите тројца потскокнавме. Потоа се заклучив во својата соба, а тие двете ми тропаа на вратата:

– Страхиња, немој случајно да му кажеш на тато! Тоа би го докрајчило!

Нормално дека ништо не му кажав. Но јас мислам дека тој веќе знае, штом романот му се вика *Откривање на тајната*. Најверојатно затоа човекот и сака да оди во манастир.

И што, по сето тоа, треба да пишувам за мама, тато и Јелена?! Како изгледаат, со што се занимаваат, со што се посебни и зошто ги сакам? Јас нив воопшто не ги сакам! Ако е за право, јас ги мразам. Не можам со очи да ги видам. Наутро едвај се терам да станам. Едвај чекам да дојдам на школо малку да се одморам. А сега уште треба да ги ставам во писмена работа. Не сум луд! Понекогаш помислувам дека ме замениле во породилното. Што имам заедничко со моето семејство?! Телевизорот и ништо повеќе.

– Деца, уште четиринаесет минути. Страхиња, ти уште не си ни почнал?

А што ли ќе си помисли и наставничката, каков кретен сум кога потекнувам од една ваква нездрава средина?! Тамам некако стекнав позиција кај неа, а сега треба да се срамам. Е нема, да пукнеш, Страхиња! Не си ти од вчера!

– Дечиња, кој заврши нека ја предаде тетратката и без зборување нека излезе во дворот.





13

## *2. Земјо, отвори се*

Ова е најстрашниот ден во мојот живот! Наставничката ги прегледала писмените работи. Ги спушта тетратките на катедрата, седнува на столот, го запишува часот во дневникот, станува, се потпира на работ од масата, ги прекрстува нозете, ја мести косата, ме гледа.

– Страхиња, излези на табла.

Значи, открила!

– Ајде, Страхиња, побрзај!

Дали да побегнам? За кваката, низ ходникот, во дворот, па на улица! Глупаво е! По мене веднаш би потрчале сите теткици, по теткиците домарот, а по домарот наставничката по хемија. Па таа веќе една недела го брка домарот по цело школо за да ѝ ја замени славината на чешмата во кабинетот по хемија. Директорката, што побрзо толку подобро, би ја информирала полицијата и уште би ме издала дека минатата година го бутнав паното врз грбот на претседателот на општината. Божем јас сум крив што паното има една пократка нога. За да не ме уапси полиција, ќе морам мама, тато и Јелена да ги врзам како заложници за вратата од лифтот, а да...

– Страхиња, твојот состав е најдобар во одделението. Краток, содржаен и набиен со емоции. Единствено ти верно ни ја долови топлата атмосфера од својот дом. Од секоја твоја реченица

избива љубов кон членовите на семејството. Тоа денес е многу ретко!

Додека зборува, обетките ѝ летаат лево-десно.

Не е ни чудо што си добро воспитано дете штом потекнуваш од една толку здрава и хармонична средина. Само да си уште малку поуреден, би била чиста петка. Вака е пет минус. Следниот пат почни да пишуваш навреме, па нема да мораш да мачкаш и да пречкртуваш во тетратката. Ќе сакаш ли, те молам, сега да го прочиташ твојот состав?

Ја земам тетратката, голтам плуканка и горам. Јас сум олимписки оган што го осветлува сиот свет! Победа! Успеав!

– Деца, внимателно слушајте го Страхиња, а ти, читај гласно и изразно.

Ги вртам страниците. Се надевам дека не ме гледа во рацете. Не би било добро да открие колкав коркач сум. Жените не сакаат слабаци. Затоа, што побрзо треба да станам успешен и богат. Мислам дека би било најдобро да добијам Нобелова награда за книжевност. Како прво, би можел да ја запросам наставничката по српски, не верувам дека би ме одбила. Како второ, би отишол во Дизниленд да си поминам како човек. И уште нешто, дел од парите од наградата веднаш би ги дал во хуманитарни цели. Би ги обновил сите паноа по школите, за децата да не се тресат кога поминуваат покрај нив. Сето тоа е супер, единствено што ме мачи е што сè уште

не ми израснале влакна. Кога би пуштил брада и мустаќи, би изгледал многу посериозно. Тогаш не би се ни забележувала толку разликата во годините меѓу мене и наставничката. А вака...

Иако, ако размислам малку подобро, и тетка ми е постара од тетин цели седум години. И што им фали? Ништо. Единствено што тетка ми е секогаш на пат, а тетин ми си ќути како мумија. Зборува единствено кога ми е роденден или на нашата слава, и тоа откако ќе го фати виното. Секогаш раскажува една иста приказна, како во војска му запалил хартија на десетарот меѓу ножните прсти. Само, сè уште не сме дознале што се случило на крајот. Секој пат толку заоѓа од смеење што потоа губи воздух. После, тетка ми го прска со кисела вода, а тато го носи во спалната соба за да си дремне малку.

– Што чекаш, Страхиња? Почни да читаш! – ме брза наставничката.

## МОЕТО СЕМЕЈСТВО

*Моето семејство го сочинуваат: татко ми, мајка ми и сестра ми. Тетка ми и тетин ми не живеат со нас, но кај нас се толку често ~~речиси како и Томислав~~. така што ги сметам како најблиски членови на семејството. Ние сите сме многу запознаени едни со други. Тоа се забележува уште на појадок. Ќе ви опишам како изгледа едно*

*обично утро во нашата куќа.*

*Мојот татко е голем љубител на ~~телевизија~~ здрав живот, затоа рано легнува и рано станува. Пред да се разбудиме тој веќе ~~испил половина литар кафе~~ истрчал два круга околу нашата зграда, бил да пазари, се измил и се избричил. Него семејниот појадок му е ~~најглупавата~~ најважната работа на светот, зашто тогаш сите сме ~~нервозни и бесни~~ ведри и весели.*

*Штом мама ќе ги отвори очите, таа ~~плаче~~ пее. Затоа и не е чудно зошто ~~не ми се станува од кревет~~ се будам лесно и брзо. Нејзиниот глас е радост за моите уши. Мојата мама ја сакаат сите во комшилакот ~~а посебно тетка Мира~~.*

*Кога ќе влезе мојата сестра Јелена во кујната, јас веднаш знам дека нè чека ~~некој хорор~~ големо изненадување. Додека мама ~~го бара чаршафот за маса~~ ја поставува масата, додека тато ~~го истура пепелникот~~ прави жерави од салфетките, Јелена веќе ~~решила три математички задачи со ѕвездичка~~ замесила тесто и испржила крофни. Јас ги полнам со џем и ги редам на ~~стаклениот послужавник~~ послужавникот во облик на срце.*

– Колку лаже! – го слушам Мирко од последната клупа, но храбро продолжувам понатаму.

*Пред ~~сите да се испокараме~~ да го каснеме првиот залак, на вратата се појавуваат тетка ми и тетин ми. ~~Тие во рацете носат шолји со топло млеко за секој од нас.~~ Ним ништо не им е тешко да направат за нашето семејство, па дури и да ни*

*прават друштво за појадок ~~иако живеат во Душановац~~. Додека крофните ни се топат во устите, тетин нè забавува со веселите доживувања од ~~војска~~ раната младост.*

*Пред да завршиме со појадокот и со ~~жеравите~~ салфетите да ги избришеме рацете, сите заедно приоѓаме кон прозорецот за да ги храниме птичките. Колку е убаво да се биде во ~~полу~~кругот на своето семејство. Нив да ги нема, животот би ми бил ~~сто пати полесен~~ пуст како руска степа. Првите сончеви зраци ги осветлуваат нашите среќни и насмеани лица.*

– Лаже!

Пак го слушам истиот глас. Значи, тој Мирко е досаден како вошка. За моја среќа, наставничката не обрнува внимание на дофрлањата од последните клупи.

– Дечиња, ајде да поразговараме за писмената на Страхиња. Каков впечаток овој негов состав остави на вас? Кој ќе ни каже?

Не ми се верува! Мирко крева два прста. Ама тој никогаш не е активен на часови! Ама никогаш!

– Повели, Мирко.

– Наставничке, тој сè измислил.

– Како тоа мислиш – измислил?!

– Фино, сè што напишал е измислица. Неговото семејство воопшто не изгледа така.

– Важно е внатрешното доживување на Стра-

хиња. Тој ни го прикажа своето семејство така како што тој го гледа и чувствува. Со многу љубов и топлина.

– Дури ни тоа не е вистина. Тој сите ги мрази! Ми зборуваше пред некој ден дека планира да ги убие, и тоа со464 Рималин за чевли.

– Ималин за чевли?

– Да.

– Како мислиш – со ималин за чевли?!

– Не знам, не ми кажа за деталите.

– Седни, Мирко, те молам. Дали уште некој сака да ги сподели впечатоците за составот на Страхиња?

– Може јас?

– Повели, Павле.

– И јас мислам дека Страхиња сѐ измислил. Всушност, знам дека сѐ измислил. Неговиот татко има коса и брада до тука, и воопшто не се бричи секое утро. Јас еднаш го видов кога бев кај нив. Случајно ја згрешив вратата. Наместо да влезам во ВЦ, влетав во спалната соба. Од памет се извадив. Вие не можете да замислите како тој човек изгледа! А дури како ’рчи!

– Не е вистина! – го вперувам прстот во Павле. – Ти си љубоморен!

– Љубоморен? Зошто би бил љубоморен?

– Тебе ти е криво зашто имам ДВД, а ти немаш. И да знаеш, никогаш повеќе нема да ти позајмам

ниту една игра! Секое ЦД ми го враќаш изгребано.

Не си верувам ни на ушите што всушност изговорив, а очигледно и наставничката. Ме гледа со ококорени очи.

– Страхиња, како разговараш со својот другар?

Грозно, но се чувствувам подобро од кога било во животот. Отсекогаш сакав сето ова да му го шлакнам во лице, само не сум имал вистинска прилика.

– Наставничке, може јас?!

Ни случајно! Ристиќ посебно ми оди на нерви. Не знам дали повеќе ме нервира како изгледа или како зборува. Кога ја закопчува јакната и ја затвора устата, секогаш нешто ѝ останува надвор, или некој килограм или некој заб. И сега таа најде најдобро да коментира за мојата писмена работа и за моето семејство!

– Кажи, Софија – наставничката сепак ѝ дава збор.

– А неговата сестра еднаш не сакаше да ме пушти од лифтот додека не пресметам корен од 425. Да не наидеше баба Гвозденка, јас сè уште ќе бев во лифтот.

– Баба Гвозденка секогаш сè расипува! – извикувам и умирам од смеење.

Меѓутоа, оваа средина не ја разбира мојата смисла за хумор. Сите ме гледаат бело, вклучувајќи ја и наставничката: